Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-2941/1
8 јуни 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**1462.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.06.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ВОДА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ВОДОТЕКОТ НА ЈАБЛАНИЦА НА КОМПАНИЈАТА ПЩЦ ХИДРО ДООЕЛ СКОПЈЕ**

Член 1

1. Одлуката број 51-1171/11 од 23 февруари 2010 година за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи на водотекот на Јабланица на компанијата ПЩЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Македонија" број 30/10) престанува да важи.

Член 2

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-3087/3
8 јуни 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**1463.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.06.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ВОДА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ВОДОТЕКОТ НА КРИВА РЕКА НА КОМПАНИЈАТА ПЩЦ ХИДРО ДООЕЛ СКОПЈЕ**

Член 1

1. Одлуката број 51-1171/7 од 23 февруари 2010 година за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи на водотекот на Крива река на компанијата ПЩЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Македонија" број 30/10) престанува да важи.

Член 2

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-3087/4
8 јуни 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**1464.**

Врз основа на член 20 став 1 и 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.06.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**

Член 1

Во Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, бр. 51-2201/1 од 27.04.2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/10), во член 1 став 1 бројот: „1567“ се заменува со бројот: „1576“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-3103/1
13 јуни 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**1465.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08 и 10/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.06. 2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН И ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА СМЕТКАТА**

1. Во Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката („Службен весник на Република Македонија" бр.15/03, 121/06, 158/07, 64/09 и 119/09), точката 2 се менува и гласи:

„Право на користење на службен мобилен телефон со ограничување до определен износ имаат следните функционери и раководни државни службеници:

| | |
|---|---|
| - Министер | 2.740,00 денари |
| - Заменик на министер | 1.920,00 денари |
| - Генерален секретар на Владата | 2.350,00 денари |
| - Секретар на Секретаријатот за законодавство | 1.890,00 денари |
| - Заменик на генерален секретар на Владата | 1.570,00 денари |
| - Државен секретар во министерствата | 1.860,00 денари |
| - Државен советник | 1.180,00 денари |
| - Раководител на сектор | 780,00 денари |
| - Помошник раководител на сектор | 590,00 денари |
| - Раководител на одделение | 560,00 денари |

Функционерот кој раководи со органот на државната управа ги определува вработените во органот на државната управа со кои раководи кои ќе користат службен мобилен телефон.

На износите од став 1 од оваа точка не се пресметани месечната претплата, данок на додадена вредност и користењето на основните опции кои ги нуди мобилниот оператор".

2. Во точката 4 зборовите „во износ до 500 денари" се заменуваат со зборовите: „во износ до 350 денари".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-3450/1 Претседател на Владата
13 јуни 2010 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**1466.**

Врз основа на член 20 став 1 и член 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.06.2010 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Член 1

Со оваа одлука на Медицинскиот центар – Штип му престанува правото на користење на недвижна ствар – градежно земјиште, сопственост на Република Македонија, лоцирано на КП. бр.3003/6 со КО Штип 3, со вкупна површина од 11244 м2 и КП 3003/5 со површина од 7716 м2, двете сопственост на Република Македонија, согласно податоците од Геодетски елаборат за посебни намени на нумерички податоци изработен од ТП Геопремери – Штип, број 16/10 од 28.01.2010 година, заверен од страна на Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности – Штип под број 10-1110/20 од 29.01.2010 година.

Член 2

Недвижните ствари означени како КП 3002/2, 3002/3, 3003/6, 3003/8 и 3003/9, сите од КО Штип 3, заради формирање на ГП2, како и недвижните ствари означени како КП 3003/5 и 3003/7, двете од КО Штип 3, заради формирање на ГП3, а согласно податоците од Геодетски елаборат за посебни намени на нумерички податоци изработен од ТП Геопремери – Штип, број 16/10 од 28.01.2010 година, заверен од страна на Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности – Штип под број 10-1110/20 од 29.01.2010 година, се дава на трајнао користење без надоместок на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар на оваа одлука ќе се изврши меѓу Медицинскиот центар – Штип и Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Врз основа на оваа одлука да се изврши промена во јавните книги за евидентирање на правата на недвижностите при Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности – Штип.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-3492/1 Претседател на Владата
13 јуни 2010 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**1467.**

Врз основа на член 20 став 1 и член 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.06.2010 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Член 1

Со оваа одлука на Медицинскиот центар – Штип му престанува правото на користење на недвижна ствар – градежно земјиште, сопственост на Република Македонија, лоцирано на КП. бр.3003/4 КО Штип 3, со површина од 10580 м2, сопственост на Република Македонија, согласно податоците од Геодетски елаборат за посебни намени на нумерички податоци изработен од ТП Геопремери – Штип, број 98/10 од 3.05.2010 година, заверен од страна на Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности – Штип под број 10-1110/161 од 4.05.2010 година.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука, се дава на трајно користење без надоместок, на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар на оваа одлука ќе се изврши меѓу Медицинскиот центар – Штип и Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Врз основа на оваа одлука да се изврши промена во јавните книги за евидентирање на правата на недвижностите при Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности – Штип.